УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК



ГОДИНА 3

БРОЈ 3

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

ISSN 1857-8659

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2012

**ГОДИНА 3** **БРОЈ 3**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

**За издавачот:**
проф. д-р Илчо Јованов

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Редакциски одбор:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски
доц. м-р Гоце Гаврилски

**Главен уредник:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска

**Одговорни уредници:**
проф. д-р Илчо Јованов
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
доц. м-р Владимир Јаневски

**Јазично уредување:**
Даница Гавриловска-Атанасовска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

---

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип
Факултет за музичка уметност
бул „Крсте Мисирков” 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

# Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 **ISSN 1857- 8659**

Vol 3, No 3 (2012): ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2012 ISSN 1857- 8659

## Table of Contents

### Articles

**С О Д Р Ж И Н А**


78: 316.7   78:7.05
**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска**
Предизвиците на глобалната музичка култура во 21 век ..............................................5-14

781.63:78.071.1
**Проф . м-р Валентина Велковска Трајановска**
Рихард Штраус – аспекти на оркестарскиот јазик
и симфониската поема „Дон Кихот“ ........................................................................15-24

781.63:78.071.1
**Доц. м-р. Гоце Гавриловски**
Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација
во „Болеро“ од Морис Равел ....................................................................................25-34

781..42/.42:78.083.3[:78.071.1
**Доц. м-р  Тихомир  Јовиќ**
Полифонијата во композицијата „Fantasia Corale“ од
Томислав Зографски (1934- 2000).............................................................................35-41

781.11:[784.5:78.071.1
**м-р Ивана Јанков**
Акордската структура застапена во вокалната кантата„Псалми“ од Стојан Стојков ..43-52

78.071.1:791(497.7)
**Доц. м-р Александар Трајковски**
Уделот на домашните композитори во создавањето на музиката за
македонските играни филмови ..................................................................................53-63

781.68:780.616.433
**Доц. м-р Ангеле Михајловски**
Значењето од примената на прстната гимнастика во решавањето на
техничките проблеми  при пијанистичката интерпретација ..........................................65-69

78:37.02: 159.947
**Доц. д-р Владимир Талевски**
Значењето на мотивацијата во музичко воспитно- образовниот процес .......................71-79

78:376-056.45:[173.7:37.011.3-051
**м-р Ленче Насев**
Улогата на семејството, наставникот по музичко образование и учебникот во
откривање и поттикнување на музички талентирани ученици ......................................81-86

78:37:004.946
**м-р Дуња Иванова**
Децата и музиката во виртуелната реалност ..............................................................87-94

78:373.3:159.9.072
**м-р Теута Халими**
Примена на Гордон тестот за испитување на музичките способности на учениците
во прво одделение (албански наставен јазик) на основните училишта во Тетово .......95-105

780.6:398.8(497.7)
**Доц.м-р Горанчо Ангелов**
Музичките инструменти во македонските народни песни ..........................................107-129

781.7(497.7)
**Проф.д-р Илчо Јованов**
Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија............131-134

78.071.1:792.8:[061.1:793.3
**Доц. м-р Владимир Јаневски**
Кореографското творештво на Трајко Прокопиев во ансамблот „Танец .................135-139

793.3:37(497.731)(091)
**Доц. д-р Соња Здравковска- Џепаровска**
Балетската едукација во Штип ......................................................................................141-147

781.1:[784.4:392(497.7)
**Проф. д-р Родна Величковска**
Ороводните песни и нивната и нивната територијална дистрибуција во
македонското традиционално обредно пејачко изразување ........................................149-154

398.332.16:793.31(497.7)
**Проф. д-р Оливера Васиќ**
Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки ....................................155-159

392.5:784.4(497.735)
**м-р Тимко Чичаковски**
Свадбениот циклус во Малешево ..................................................................................161-168

793.3:793.31(497.7)
**Благица Илиќ**
Релевантни етнокореолошки карактеристики на орото Ибраим Оџа-
претпоставка за следење на регионалната идентификација .......................................169-179

793.31(497.761)
**Марјан Андоновски**
Стилски карактеристики на орото кај Мијаците ........................................................181-188

793.31(497.732)(091)
**Стојанче Костов**
Историски аспекти на орската традиција во Овче Поле ............................................189-195

793.31:792.8(497.734)
**Сашко Атанасов**
Методски аспекти на ората во Пијанец ........................................................................197-218

793.31(497.7)(091)
**Фросина Мариновска**
Орската традиција во селото Врбјани –Прилепско поле ............................................219-226

793.31(497.712)
**Елена Трајчева**
Поводи и места за играње во етничкиот предел Скопска Црна Гора .........................227-233

793.3:793.31(497.7)

Благица **ИЛИЌ**

# РЕЛЕВАНТНИ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ И ЕТНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРОТО ИБРАИМ ОЏА, ПРЕТПОСТАВКА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Од веќе постоечките релевантни истражувања и записи за орото *Ибраим оџа,* Ганчо Пајтонџиев дава најрани записи, забележувајќи го орото во градот Велес во 1954 година, отсвирено од велешката чалгија на Ало Тончов.[1]

Авторот Михајло Димовски во периодот на 70 години од XX век, од орскиот материјал забележан од искусните играорци во ансамблот Танец, во книгата *Македонски народни ора од репертоарот на Ансамблот за народни игри и песни „ Танец “*, кинетографски го забележува орото под називот *Ибраим оџа* (Димовски,1977:206-209).

Во книгата *Македонски народни плесови* од авторите Е.И. Дунин, М. Димовски и С.Вишински во 1969 година, како велешко оро со автентичен играорен образец е забележано орото *Ибраим оџа*. Орото е демонстрирано од играорецот на Танец Станимир Вишински, кој го учи од сограѓанецот Славејко Ивчев роден 1885 година во Велес, како оро од градски карактер. При теренските истражувања на авторите орото е забележано во придружба на инструменталниот состав чалгија (Дунин,Димовски, Вишински,1969:22).

Податливи споредбени податоци за ова оро добивме од мелографиранот материјал на Боривое Џимревски, кој во периодот од 1977 до 1980 година, престојувал во 31 село од велешката околина регистрирајќи 65 инструментални мелодии од пределите Ќучук- кол, Азот и Гроот.

Во областа Гроот каде што живеат и помуслиманети македонци ги сретнал ората *Шаинот, Дели Насув* и др. со забележителен ориентален музички призвук.

---

1) Алексо (Ало) Тончов, е роден во Велес во месноста Којник, 1902 год. Неговиот татко Јован Тончов свирел кларинет (претходно дајре) со тајфата на Арсо ќеманеџијата. Ало Тончов свири на виолина (ќемане) и со тајфата на својот татко, за прв пат засвирува на тринаесет годишна возраст.Свири во чалгискиот оркестар на групата Распеани велешани, на свадбите во Велес и пошироко, а имал и група со која свирел и вечерни свирки по локалите низ Велес. Заедно со групата изведувале и забавна музика на игранки, чајанки и други забави. Ало Тончов свирел до 1986 година, а починал наредната 1987 година. Како и неговиот татко, неговото посмртното испраќање до градските гробишта во Велес, е пропратено со свирењето на Велешката чалгија и омилената песна на фамилијата Тончови, *дајлер, дајлер*. (Малинов, 2011:11, 17,18 )

Џимревски во с.Подлес од пределот Клепа, од соговорникот Борис Милошев некогашен зурлаџија, роден 1901 година[2] добил податоци за ора кои како што велел народот *од секогаш се свиреле* и во периодот на истражувањето сеуште се практикувале. Во интерес на предметот во овој труд од повеќето забележани ора го издвоивме орото *Чамчето* за кое ќе стане збор во понатамошниот труд.

Во овој период освен во велешката селска средина, Џимревски орото *Ибраим оџа* го забележал и во градот Велес, како често оро на репертоарот на ромскиот чалгиски состав.

Во 1978 година авторот Александар Линин во книгата *Македонски инструментални орски народни мелодии,* од мелографираните 240 инструментални орски мелодии снимени во периодот од 1952 до 1968 година, орото *Ибраим оџа* го забележал и во селската и во градската орска традиција под називот *Бог да го бие* во градот Велес, а под два различни називи како *Ибраим оџа* и*Дели Нас`ф* во с.Извор од пределот Азот. Отсвирено на гајда орото *Ибраим оџа* го забележал во с.Кнеже од соседниот етнички предел Овче Поле (Линин, 1978:191;198;224;383;385;434).

И од анализите при сопственото теренско истражување, орото *Ибраим оџа* беше забележано во сеќавањата на повозрасните соговорници како од градот така и од велешките села, а беше забележано и како оро кое и денес се практикува на велешките свадби или празнувања (матурски забави, генерациски средби, новогодишни или осмомартовски празнувања во ресторани, кафани и сл.).

Орото *Ибраим оџа* е еден специфичен пример во македонската орска традиција, не и единствен, кој анализиран според неговата застапеност, терминологија, играорна структура и мелодиска линија, се појавува како елемент преку кој може да се следи етничката и регионалната идентификација на населението кое го практикува.

Авторот Владимир Јаневски во неговата магистерска студија за етнокореолошките и етнолошките карактеристики на македонскиот орскиот репертоар, забележал дека во западниот дел на Македонија, почнувајќи од Горни лерински села, продолжувајќи кон Горни битолски села, Леринско Поле, Прилепско – Битолско Поле, Горна Преспа, Охридско Поле и Азот, се појавува еден играорен образец кој е обединувачки фактор во сите наведени етнички предели. Образецот има иста играорна база, променливост во метроритмичката структура од предел до предел,

---

2) Боривоје,Џимревски,*Инструменталната народна музика во Титоввелешко,*Македонски Фолклор,год.XXI,бр.42,1988, стр.147

но и појави каде метроритмичката структура останува иста. Во однос на мелодиската линија исто така забележал неколку варијанти, а најголема шареноликост открива во терминологијата, односно називите на ората. Според локалните називи неговата појава ја забележал низ неколку толкувања: според методика на играта како синоними на орото *Ибраим оџа* ги сретнува *Куцано* и *Пуштено оро;* според старосните толкувања го забележува како *Старското;* според географските одредници *Беранче;* според етнички предел како *Горноселско;* според лични имиња *Насувот* и со непознато потекло на теренот го наоѓа под називите *Лешето* и *Чамчето* (Јаневски, 2010:70).

За време на сопственото теренското истражување во градот Велес (2011 и 2012 год.), орото повеќепати беше сретнато под терминот *Ибраим оџа*, познато кај сите соговорници и дефинирано како автохтоно велешко оро, играно и свирено од памтивек. Од соговорникот од с. Ораовец од етничкиот предел Азот, се појави со називот *Чамчето,* термин познат и на соговорникот Димче Бегинов, музичар со потекло од Велес. Од нивните изјави преку орото како елемент од духовната култура, може да се следи етничката припадност на одредена заедница:

– *видиш има разни номенклатури, на пример даречам кај нас је Ибраим оџа, на друго место ни го бараат ко Чамче.*[3]
– *а ние па, Чамчето, Чамчето го викавме во Ораовец накај Прилеп шо е. Исто на песната на Ибраим исто е, исто.*[4]

Под терминот *Чамчето*, со сродна играорна структура како и орото *Ибраим оџа*, најчесто се сретнува во Југозападното играорно подрачје, како дел од Брсјачката етнографска целина, податок кој укажува на влијанието од македонската западна кореолошка зона.

Беше забележано и под терминот *Бог да го бие* според истоимената песна, во која името Ибраим оџа се заменува со името Дели Насуф забележано во следниот пример:

– *Ибраим оџа, дá, го свират! Тоа се свири како оро, меѓутоа има и песна, а се свири како оро, таа ми е снимена мене песна како Бог да го бие,Дели Насуф! Мелничка стара, песна.*[5]

3) Димче Бегинов, пеач и музичар на бубњеви, род. 1944г. во Велес, живее во Велес,сопствени теренски истражувања.

4) Нада Гугинова, член на Распеани велешани, род. 1952г. во с. Ораовец, Азот, живее во Велес, сопствени теренски истражувања.

5) Орце Маневски, род. 1954г. во с. Стари Град, Азот, живее во Велес, сопствени теренски истражувања.

Под називот *Дели Насуф* или во скратена форма *Насувот,* соговорниците од градот Велес, орото *Ибраим оџа* не го препознаваа, што упатуваше на претпоставката дека под овие називи е познат само во некои велешки села како Мелница, Еловец, Голозинци од помалата област Гроот.[6]

И во двата примери кога орото се појавува како *Ибраим оџа* или како *Дели Насуф (Насувот)* името е резултат на истоимената ороводна песна *Бог да го бие, тој Ибраим оџа* или во вториот случај *Бог да го бие и да го убие, тојДели Насуф*.

Чест случај кај соговорниците во етнокореолошките истражувања поради непознавање на играорната структура на одредено оро, името на орото го користат како одредница за препознавање или непознавање на истото. Во нашиот случај на прашањето дали орото *Насувот* е исто како *Ибраим оџа,* со зачуденост добивавме изјави дека станува збор за две сосема различни ора.

Многу почесто и појасно беше помнењето на песната и текстот ѝ како форма ѝ како мелодија, во споредба со играорните обрасци на орото, што секако е чест случај при теренските опсервации. Поради фактот дека орото претставува колективна, ланчана играорна творба, во која предводник и главен репер за играорната содржина е ороводецот, може да се претпостави една од главните причини за заборавањето на чекорите. Повеќето учесници во орото условени од талентот за играње и играорната перцепција, најчесто визуелно и со механичко играње на чекорите го следат првиот на орото, како најодговорен за правилната изведба на орските чекори.

На едно од прашањата дали знаат да го играат орото, изјавата на соговорничката од с.Бузалково (Северни велешки села), го потврди гореобразложеното:

– *ја незнам, да е ќерка ми постарата да, ја не...* (го запејува)

*Бог да го бие, тој Ибраим оџа, тој Ибраим оџа ...ама да игра некој напред, можам ја да играм.*[7]

Во поглед на половата определеност и од претходните постоечки извори, а и во денешните сеќавања, *Ибраим оџа* се сретнува во мешана структура (наизменично учество во орото и од мажи и од жени). Оваа мешана полова структура ја забележавме и во градот Велес и во селската

6) Сопствено теренско истражување во градот Велес, 2011г. и 2012г.

7) Бена Трајкова, род. 1938 г. во с. Бузалково,Северни велешки села, живее во Ново Село, Скопје, сопствени теренски истражувања.

орска традиција.

Според антрополошката позиција на држење на рацете, беше забележана поврзаност на играорците со подигнати, полусвиени раце во висина на рамениците, а од аспект на формата на орото, единствено присутен беше отворениот круг или полукружното движење на играорците, со правец на движење од лево кон десно, вообичаени стилски карактеристики за македонската орска традиција:

– *може и машко и женско, па обично коа го играат тоа се дигнати рацете, смеќаваат доле, дигнати рацете и вака* (ги крева полусвиени во лактите и заигрува)*, дигнати рацете напред и од мажот и од жената, а иначе вака доле, не.*[8]
– *и жени да, еве Дона, Маца, у,у,у сестра ми една волкава дебела како врата, баба ти Верка... како маж ја игра она.. а ја́ не толку, ја плеткам некако.*[9]

Во поглед на инструменталната придружба во некои велешки села беше забележана изведба на народни инструменти во неколку варијанти: гајда; гајда и тапан или тапани и зурли и реткиот пример од с.Нежилово, Азот, каде во комбинација се појавија гајдата и зурлата:

– *Во наше село на гајди од коа памтам, наѐдна гајда, чичо Пане свиреше, немаше на тапан и па ќе паднеш од играње, ли ду ду, ли дуд, ли дуд, тоа гајдата .*[10]

Во градот Велес од средината на 19 век до 80 години се изведува на чалгиски инструменти канон,ут, џумбуш, виолина - ќемане, дајре (Џимревски,1985:18-19).

Во однос на текстот за песната Ибраим оџа, постојат неколку варијанти. Во овој труд ќе биде приложена варијантата добиена од групата Распеани велешани, изведувана во нивниот репертоар од 1978 година.

*Бог да го бие и да го убие*
*Тој Ибраим оџа баш арамија,*
*Баш арамија, Мелничка планина*

8) Петре Гугинов, род. 1940 г. во Велес, живее во Велес, сопствени теренски истражувања.

9) Бена Трајкова, род. 1938 г. во с. Бузалково, живее во Ново Село, Скопје, сопствени теренски истражувања.

10) Бена Трајкова, род. 1938 г. во с. Бузалково, живее во Ново Село, Скопје, сопствени теренски истражувања.

*Тој ми пособрал, верна дружина*
*Верна дружина, до дваесет и пет*
*Млади момчиња, арнаутчиња*

*Па ми испаднал баш арамија,*
*Баш арамија, Мелничка планина*
*Мелничка планина, Изворската каза*

*Неговата мајка абер му пратила*
*Како да знаеш сину Ибраиме,*
*Како да знаеш дома да не идеш*

*Тебе те чекајат твоите душмани,*
*Твоите душмани сите Мелничани,*
*Сите Мелничани,Долноврановчани*

*Тебе те саќа́јат, сину Ибраиме*
*Каде да те најдат, глава да ти земат*
*Глава да ја земат, на кол да ја стават*

*Глава да ја земат, на кол да ја стават*
*Кожа да ја дерат, слама да ја п`лнат*
*Слама да ја п`лнат, на неја да спијат.*[11]

Создавањето на оваа народна песна е поврзано со настани од реалниот живот, која според темата која ја обработува, претставува епска идеализација на еден локален јунак во случајов негативен (Дели Насуф или Ибраим оџа). Тоа е реална слика за отпорот и борбата од времето на турскиот период. Преку истакнувањето на локалните особености во ајдутските и арамиските песни како што е оваа, се истакнува локално-регионалната традиција во случајов велешката (Органџиева, 1988:9-10).

Народната певица Мирвет Беловска со народниот оркестар на Радио Скопје ја отпејува песната Ибраим оџа според долеприкажаниот текст:

[11] Орце Маневски, род. 1954г. во с. Стари Град, Азот, живее во Велес, сопствени теренски истражувања.

*Бог да го бие тој Ибраим оџа,*
*тој Ибраим оџа баш арамија х 2*

*Што ми излезе на Борчева чешма,*
*На Борчева чешма со триесет мина  х 2*

*На пат го сретнаја, два-три ќумурџии,*
*Два- три ќумурџии, многу сиромаси х 2*

*Многу ти години бре Ибраим оџа*
*Ибраим оџа му одговара х 2*

*Моиве години многу нека бидат,*
*Вашите години малу нека бидат х 2*

*Ај идите долу во Бурчево село,*
*Да им кажите на Бурчевчаните,*
*Ручек да ми зготват за триесет души,*

*Ручек да ми згответ за триесет души,*
*Ручек да ми гответ, јагне печено,*
*Јагне печено, ем бела погача,*
*Ем вино црвено.*

Македонското население во ниските области на реките Бабуна и Тополка за време на овој период  претежно биле чифчии. Во сливот на реката Тополка се наоѓаат неколку ридски села меѓу кои и селото Мелница за кое станува збор во ороводната песна. Во селото Мелница од пределот Гроот живее и македонско-православно и македонско помуслимането население – торбеши, кои како и околните села Р`левци, Крива Круша, Ново Село, Голозинци, до 1912 година немале сопственост над земјата и куќите. Според истражувањата на авторот Трифуновски во 70 години на XX век,  населението од овие предели како последни господари на селата ги памтат: Ибраим-ага, Исмаил-ефендија, Аџи-ефендија, Асан Парталко, Беќир и Шукрија кои живееле во Велес (Трифуновски,1972: 123).

Во документарниот филм за Распеани велешани виолинистот Ало Тончов говори за Дели Насуф Паша и создавањето на староградската песна *Еј мори Васе, Васе, танко Васе*. Женскиот лик Васе опејан во

песната, била роднина со бабата на Ало Тончов, чија фамилија работеле како измеќари на чифликот кај Осман Ага и Дели Насуф Паша.[12]

Орото и ороводната песна за која истото е врзано, континуирано опстојува во велешката орска практика, како играорна творба која и до денес се изведува со задржан традициски играорен образец.[13]

Социјални аспекти

Орото *Ибраим оца* според застапеноста во орската пракса во Велес и велешко, како и според масовноста на сеќавањата за истото, може да се одреди како значајно, автохтоно оро кое според времето и приликите на изведување се јавува како празнично-соборско, а според функцијата како социјално оро.

Како учесници во истото можеле да се појават искусни и талентирани играорци од разни старосни и општествени групи. Во локалниот систем на вредности од аспект на начинот на играње, орото се доживува како едно од потешките ора, за разлика од почетничките, *рамни* или *прави* ора, преку кои младите членови во заедницата ги стекнувале своите играорни способности и *дозволи* за вклученост во играта. Присутноста на орото како ороводна песна во репертоарот на денешните велешки музички групи, пеачката група Распеани велешни или низ разните облици на современи, празнични веселби, го открива неговото место и значењето во свеста на Велешани:

- *Е тоа го имаше и кај нас, ќе играат младите сите и стариве ќе се соберат и ќе ги собујат опинците и по чарапи ќе играат, Ибраим оца, Тешкото го викаа Тешко прилепско или Рамно, имаше уште две – три игри тука....*[14]
- *за Ибраим оца миженката вака.... веземе и ја и жената...еве Васко е тука не гледа, везиме...*[15]
- *едно од позначајните и поубавите ора било Ибраим Оца, знаете сте слушнале нели? Специфична игра и со песна е. Тоа е цела историја. Песната е Ибраим Оца.* [16]

12) Документарен филм Распеани градови – Велешани, снимен 1972? година во Велес.

13) Сопствено теренско истражување во градот Велес, 2011г. и 2012г.

14) Миле Трајков, род. 1941г. во с. С`лп, живее во Ново Село, Скопје, сопствени теренски истражувања.

15) Петре Гугинов, род. 1940 г. во Велес, живее во Велес, сопствени теренски истражувања.

16) Бисера Зафирчева, род. 1946г. во Велес, живее во Велес, сопствени теренски истражувања.

Методска анализа

– назив на орото: Ибраим оџа, Бог да го бие; Дели Насув; Насувот; Чамчето,
– играорно подрачје: Источно
– етнички предел: Азот, Клепа, Северни велешки села, Гроот
– место: град Велес




1 - Северни велешки села 2 - Азот 3 - Клепа 1 и 4 - Ќучук-кол ● - Велес

- Извори: Елзи, И. Дунин, Станимир, Вишински, Михајло, Димовски, *Македонски народни плесови,* Загреб, 1969; Димовски, Михаило, *Македонски народни ора од репертоарот на Ансмблот за народни игри и песни Танец*, Институт за фолклор, книга 2, Скопје 1977; Линин, Александар, *Македонски инструментални орски народни мелодии,* Институт за фолклор - Скопје,1978; Боривоје Џимревски, *Чалгиската традиција во Македонија*, Македонска книга, Скопје, 1985; Џимревски, Боривоје, *Инструменталната народна музика во Титовелешко,* МФ, XXI, број 42, Скопје, 1988; Владимир Јаневски, *Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на македонските традиционални народни ора – по избрани примери*, магистерски труд одбранет на Институтот за Етнологија и антропологија, Природно-математички факултет во Скопје, 2010.
- Информатори: група соговорници од градот Велес, селата Нежилово, Бузалково, С`лп, Теово, Стари Град.

- Опис на орото: умерено-брзо оро со изразено балансирање на нозете, со мирни и одмерени чекори и акцентирани преплети. Во брзиот дел се појавуваат подскоци кон горе.
- Играчи: мажи и жени;
- Облик и форма: се игра во отворен круг, орото при играњето се движи и кон десно и кон лево, а во третиот играорен обрзец се игра кон центарот на кругот;
- Држење на рацете: држењето е за раце во полусвиена форма, подигнати во висина на рамениците, а во некои случаи, кај мажите се сретнува и држење за рамо;
- Карактер: соборско оро;
- Потекло: според истражувањата и литературните извори орото се води како автохтоно оро, познато и во селската и градската орска традиција;
- Музичка придружба: во руралната орска практика се сретнува во изведба на традиционални инструменти (гајда; гајда и тапан; тапан и две зурли; гајда и зурла). Во градската традиција со чалгиски инструменти (канон,ут, џумбуш, виолина - ќемане, дајре).
- Метроритмичка структура: 12/16 ( 3+2+2+3+2)[17]; 13/16 (3+2+3+3+2 );[18]
- Мелографски запис: постојат повеќе мелодиски варијанти.
- Кинетографски запис: во примерот е прикажана играорната база на образецот, без да бидат опфатени разни варијанти на украси.
- Содржина на играорниот образец: телото е свртено полудесно, а тежината на телото е на лева нога. Во првиот играорен образец се јавува ниско, балансирано подигнување на левата нога на полустопало со подигнување на десното колено кон напред и три предни преплети на лева нога движејќи се кон десно. Вториот играорен образец е со иста содржина како и првиот, а разликата е во тоа што се игра со телото свртено полулево, движејќи се кон лево. Третиот образец содржи подигнување на десното колено кон центарот на кругот и преден преплет кон центар со лева нога, потоа подигнување на левото колено кон центар и преден преплет на десна нога кон центар. Темпото постепено се забрзува, со што градира и образецот, а ниските балансирани чекорења во првиот, вториот и третиот играорен образец се заменуваат со подскоци кон горе.

---

17) Џимревски, Боривоје, Чалгиската традиција во Македонија, Институт за фолклор „ Марко Цепенков “, Скопје, Македонска книга, Скопје, 1985, стр. 96-99.

18) Димовски,Михајло,Македонски народни ора од репертоарот на ансамблот Танец, Институт за фолклор ,Наша Книга, Скопје, 1977,стр.206.

**Користена литература:**

Димовски, Михаило, *Македонски народни ора, од репертоарот на Ансмблот за народни игри и песни Танец*, Институт за фолклор, книга 2, Скопје 1977.

Јаневски, Владимир,*Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на македонските традиционални народни ора – по избрани примери*, магистерски труд одбранет на Институтот за Етнологија и антропологија, Природно-математички факултет во Скопје, 2010

Линин, Александар, *Македонски инструментални орски народни мелодии*, Институт за фолклор, Скопје, 1978

Малинов, Трајче, *Ало Тончов- Бардот на велешката чалгија*, магистерски труд одбранет на Факултетот за музичка уметност, Скопје, 2011

Органциева, Цветанка,*Современата состојба на ајдутските и арамиските песни во Титоввелешко*, Македонски Фолклор, XXI, бр.4, Скопје, 1988

Трифуновски,Јован,*Етнографска грађа из области Бабуне и Тополке*, Bulletin du musèe ethnographique de Beograd, tome 35,1972

Филиповић, Миленко,С. *Етнолошке белешке из северних велешких села*, Гласник Етнографског музеја у Београду, књ. VII, Београд, 1932

Џимревски, Боривоје, *Инструменталната народна музика во Титоввелешко*, МФ, XXI,број 42, Скопје, 1988

Џимревски, Боривоје, *Чалгиската традиција во Македонија,* Македонска книга, Скопје, 1985

Документарен филм *Распеани градови- Велешани*, снимен 1972 година во Велес